ОПШТИНА
ЧАИР

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ



# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ЧАИР



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски

Почитувани сограѓани,

Ако сакаме да стигнеме далеку, мора да почнеме денес. Ако сакаме да успееме, треба да работиме чесно, со целосна посветеност и искреност. Визијата што ја имаме за Чаир е реална и остварлива – визија која ќе ја градиме заедно со вас, чекор по чекор.

Нашата прва цел е да ја промениме перцепцијата дека мораме да се помириме со лошото. Добри услови и подобар живот не се привилегија само за европските општини – тие треба да бидат и наша реалност. Затоа, со јасен план и конкретни мерки ќе се посветиме на решавање на егзистенцијалните проблеми на граѓаните и ќе поставиме нови стандарди за функционирање на Општината.

Чаир има огромен потенцијал за стабилен економски развој. Преку партнерство со клучните чинители, преку вложување во иновации и создавање нови можности за компаниите и младите, ќе ја претвориме нашата Општина во место што нуди иднина, отвора работни места и освојува нови пазари. Така ќе обезбедиме младите да останат овде и да го вложат својот талент во Општината каде што припаѓаат.

Нашата амбиција е да изградиме модерна, динамична и отворена општина – со јасни правила, законитост, транспарентност и почит кон секој жител. Пари од народот нема да ги трошиме како свои – туку ќе ги менаџираме одговорно, отчетно и секогаш во интерес на граѓаните.

Нов, свеж пристап во јавните политики ќе ни овозможи да ја вклучиме целата заедница во одлучувањето. Со користење на новите технологии, преку консултации и учество на граѓаните, ќе креираме политики што се навистина од јавен интерес. Така, Чаир ќе стане општина што позитивно одговара на институционалните, социјалните и инфраструктурните потреби на секој жител.

Верувам дека желба постои, мотивација имам, визија исто така. Но најважно е што ја имам вашата доверба и мојата обврска е таа доверба да ја преточам во дела. Со труд, истрајност и љубов кон секојдневната работа, ќе направиме Чаир да биде пример – број еден општина во Македонија.

Ваш,
Никола Трајановски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Никола Трајановски - Носител на листа
2. Ѓоко Стојчевски
3. Марија Лотиќ
4. Нијази Сербез
5. Виктор Ангелов
6. Јулијана Рајковска
7. Трајче Стоилковски
8. Убавка Тасевска
9. Зоран Ивановски
10. Јулијана Аџиска
11. Небојша Стефановиќ
12. Ана Гравчева
13. Јован Мицевски
14. Сузана Дунгевска
15. Мартин Атанасовски
16. Валентина Заревска
17. Кристијан Ангелов
18. Џеват Демир
19. Жаклина Здравевска
20. Ѓорѓија Анчевски
21. Љупчо Велковски
22. Сузана Тофилова
23. Кристина Лотиќ
24. Фатмир Ислјамовски
25. Радмила Павловска
26. Огњан Ристов
27. Сафет Реџепи



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ЧАИР

## Четиригодишна визија на ВМРО-ДПМНЕ за Општина Чаир

Во наредниот мандат нашата заложба е Чаир да стане општина која ќе биде пример за **отворено управување, вистинска вклученост на граѓаните и ефикасни институции**. Преку јасни политики и активности ќе обезбедиме:

### Поголема вклученост на граѓаните

- Воведување практични алатки за поголема интеракција меѓу граѓаните и Општината.
- Организирање јавни собири, форуми и дебати за сите важни одлуки.
- Користење дигитални платформи за комуникација и редовно објавување информации на интернет и социјалните мрежи.

### Подобрена работа на администрацијата и институциите

- Обука и јакнење на вработените во Општината и јавните претпријатија за поквалитетни услуги кон граѓаните.
- Воспоставување систем за финансиска поддршка и партнерство со здруженија и организации.
- Поттикнување активности што ќе ја зајакнат социјалната и меѓуетничката кохезија, особено меѓу младата генерација.
- Редовни средби и соработка со стопанствениците со цел поддршка на нивните идеи и проекти.

### Подобри услуги и отчетност

- Систематско мерење на задоволството на граѓаните од услугите на Општината преку анкети.
- Темелна анализа на финансиските и човечките капацитети на општинските институции.
- Целосна контрола и редовна ревизија на трошењето на јавните средства.
- Поголема транспарентност во креирањето на буџетот и програмите на Општината.

## ИЗГРАДБА НА БУЛЕВАР ЦВЕТАН ДИМОВ

Проектот за проширување и трансформација на булеварот „Цветан Димов", вреден 10 милиони евра, претставува најзначајниот инфраструктурен зафат во овој дел на главниот град во последните децении. Со овој проект, долгогодишните барања и потреби на над 100 000 жители ќе добијат одговор, Чаир и околните населби конечно ќе имаат модерен, безбеден и функционален булевар изграден по европски стандарди. Чаир ќе биде безбедно поврзан со останатите делови на Скопје.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир и Град Скопје

**Рок на реализација:** 2028 година

## САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА 210

Санацијата и реконструкцијата на улица 210 каде што е планирно и обновување на водоводната мрежа е еден од првите проекти кои ќе се реализираат во првата година од мандатот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2026 година

## ДИГИТАЛНА ОПШТИНА НА НОВОТО ВРЕМЕ

Се обврзуваме да воведеме дигитализација, преку развивање и примена на модерни апликативни софтверски решенија за поефикасно функционирање на општината. Интенција ќе биде до 2027 година општината да прерасне во ИТ-општина достапна за сите граѓани, во секое време со цел обезбедување на ефикасни и квалитетни јавни услуги.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ОПШТИНСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ И ИНОВАЦИСКИ ФОНД

Ќе воспоставиме **фонд за поддршка на млади претприемачи и стартапи**, чија главна цел ќе биде финансирање и охрабрување на нови и креативни бизнис-решенија. Со фондот ќе управуваат заеднички општината и приватниот сектор во Чаир, преку партнерски пристап што ќе обезбеди реална поддршка за младите.

Фондот ќе биде насочен кон **иновативни идеи и проекти кои ќе придонесат за решавање на локални предизвици**, со акцент на развојот на општината и подобрување на животот на граѓаните.

Покрај тоа, во соработка со приватниот секотр ќе се отвори **бизнис-инкубатор** – простор што ќе го поттикнува претприемништвото и ќе им обезбеди на младите поволни услови да го започнат својот сопствен бизнис. На овој начин, ќе се создадат можности повеќе млади по завршувањето на своето образование да останат во Чаир

и да го вложат својот талент и енергија во локалниот развој.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови, бизнис-сектор

**Рок на реализација:** 2027 година

## ИНВЕСТИЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕ

Довршување на тековните работи во ООУ „Васил Главинов", реконструкција на спортската сала, внатрешни ѕидови, осветлување. Реконструкција на спортската сала, осветлување, електрика со инсталација и внатретрешни ѕидови во ООУ „Имери Елези".

Како дел од планираните активности со помош на Министерството за образование и наука во периодот 2026 – 2027 се планира адаптација на училишен објект со цел овозможување на услови за едносменска настава во ООУ „Конгреси и Матастирит'. Исто така за овој период се планира инсталирање на фотоволтаици во ООУ „Васил Главинов".

## СМАРТ ОПШТИНА

Ќе се воведе зонско паркирање според веќе донесениот план и истот ќе биде воспоставено со нов смарт-систем за паркирање, ќе се постават мерачи на загаденост на неколку точки на територијата на Општина Чаир, ќе се постават и смарт-мерачи на бучава за полесно справување со ваквите појави во Општината со што ќе стане првата Општина која ќе импелментира ваков систем . Исто така во сите паркови ќе се постави WIFI  со бесплатен интернет.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ:

Граѓаните на Општина Чаир пред трговскиот центар Чаирчанка ќе добијат дополнителен број на паркинг места, со кои ќе се олесни секојдневниот начин на живот и ќе се олесни пристапот до трговскиот центар и локалните бизниси.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ДОГРАДБА НА ГРАДИНКИТЕ СНЕЖАНА И ФИДАНИ

Ќе го решиме проблемот на голем број родители од набројаните населби, преку адаптација на простор, уредување и обезбедување услови за детска градинка во Општината, која ќе обезбеди социјално детство за најмладите членови на заедницата.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2027 година

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРЗИМОТ И ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА

### Предлог проект: Кампања „Старата Чаршија – Срцето на Скопје“

**Цел:**

- Зголемување на туристичката привлечност на старата Скопска Чаршија преку промоција на културното наследство, гастрономијата и занаетчиството, како и преку создавање на нови туристички искуства.

### Специфични цели:

- Поголема видливост на Чаршијата преку дигитална промоција.
- Вмрежување на занаетчии, угостители и уметници.
- Организирање културни и гастрономски настани.
- Подигање на свеста за значењето на Чаршијата кај локалната заедница.

### Клучни активности:

- Креирање бренд, веб-страница и мобилна апликација со интерактивна мапа.
- Дигитална промоција (Instagram, TikTok, YouTube).
- Организација на месечни културни настани и гастрономски викенди.
- „Ден на занаетчиите“ со работилници и промоција на традиционални занаети.
- Поставување мултијазични табли со QR-кодови за туристичка информација.

### Временска рамка:

- Фаза 1 (први 3 месеци): креирање бренд и дигитална стратегија.
- Фаза 2 (до 12 месеци): реализација на настани и маркетинг кампањи.

### Очекувани резултати:

- Пораст на бројот на туристи за најмалку 25 % во првата година.
- Продолжување на просечното време на престој на туристите.
- Поголема препознатливост на Чаршијата како културен и туристички бренд.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, бизнис-сектор, Град Скопје

**Рок на реализација:** 2027 година

## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Ќе се постават соларни панели на сите училишта, градински и спортски сали со што ќе се придонесе за долгорочно намалување на трошоците за струја.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, Град Скопје, Светска Банка

**Рок на реализација:** 2029 година

## ПОДЗЕМНИ КОНТИЊЕРИ

Сите контиењери во Општината да бидат подземни со што ќе се уреди јавниот простор и нема да има ѓубришта секаде во Општината.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир,  централна власт

**Рок на реализација:** 2027 година

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК СО СПОРТСКИ СОДРЖИНИ И ФОНТАНА ВО НАСЕЛБА ТОПАНСКО ПОЛЕ

Во најголемата и најбрзо растечка населба во Општината, ќе ги подобриме условите во постоечкиот парк и ќе ги унапредиме детските игралишта со дополнителни содржини.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година



# ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

За нас, локалната економија, новите работни места и подобрувањето на квалитетот на живот претставуваат приоритет во јавните политики. Затоа се залагаме за создавање простор за **вмрежување, партнерства и заеднички иницијативи** кои ќе носат корист за сите.

Нашата цел е Чаир да се издигне како **општина препознатлива по традиција, иновативност и значајни инвестиции**. Општината ќе вложува во стратегија насочена кон привлекување компании, отворање нови работни места и поттикнување иновации, со цел диверзификација на локалната економија и одржлив социо-економски развој во чекор со процесите на глобализација и дигитализација.

Со оваа визија сакаме да овозможиме **задржување на младите, креирање можности за вработување и освојување нови пазари** за локалните компании, производи и услуги. Локалните ресурси ќе ги користиме максимално, со цел тие да станат двигател за унапредување на животниот стандард на граѓаните.

### ➤ ЛОКАЛЕН СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИ СОВЕТ

Ова советодавно тело за економски развој на Општината ќе биде целосно обновено и збогатено со членови од различни области – успешни претприемачи, универзитетски професори, директори и менаџери познати по своите резултати и иновативен пристап. Во партнерство со Агенцијата за вработување, средните стручни училишта, локалната самоуправа, граѓанските организации и други релевантни чинители, ова тело ќе работи на креирање јавни политики кои ќе бидат во интерес и на граѓаните и на деловната заедница.

### ➤ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА

Одделението за ЛЕР во рамки на локалната самоуправа има потенцијал да се издигне во **Сектор за евроинтеграции и локален економски развој**. Преку овој сектор ќе се овозможи вмрежување на општините од земјата и регионот, како и создавање на услови за работа со стручен и обучен кадар, способен за самостојно или заедничко

аплицирање до европските фондови.

Главната цел е да се изградат и зајакнат човечките капацитети на Општината, со цел максимално искористување на европските средства и поттикнување на побрз економски развој на Општината.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2027 година

## Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП

### ПРОШИРУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО ПОМАЛИТЕ ОПШТИНИ

За да има поголем избор на работни места, ќе им понудиме на компаниите простории за сместување на нивните канцеларии по поволни цени, со што ќе се обезбеди на младите жители да имаат можност за вработување.

Начин на финансирање: Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2026 година

### НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ

Ќе креираме школа за ИКТ-вештини, во која младите во рок од една година ќе се обучуваат за настап на пазарот на труд во областа на дигиталните технологии. Школата ќе функционира во вид на кредитирање и доколку во рок од една година учесникот не успее да најде работа, нема обврска за враќање на средствата инвестирани во неговата едукација. Во спротивно, месечно ќе врши поврат на средствата и ќе овозможи обучување на нови генерации млади лица.

**Начин на финансирање: Буџет на Општина Чаир**

**Рок на реализација:** 2026 година

## Поддршка на малите локални бизниси

### МОТИВИРАЊЕ НА ЛИЦА И КОМПАНИИ, ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО ЧАРИШИЈАТА

Ќе обезбедиме услови за сите кои ќе покажат интерес и ќе работат за економско јакнење на Чаир, преку искористување на културното наследство во нашата Општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## OPEN DATA СИСТЕМ

Воведување на унифициран електронски систем за управување и следење на документи од страна на надлежните и странките (граѓаните), кој ќе овозможи потранспарентен пристап на следење на секој документ кој влегува во општинската архива и секој граѓанин ќе има увид кој документ, до која фаза и кај кој вработен се наоѓа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ТВОЈОТ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА!

Електронско поврзување на сите јавни институции на локално ниво во еден шалтер, со цел издавање на документи од истиот и дистрибуција до странките во предвидените законски рокови.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## И ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ!

Креирање унифициран ВЕБ-ПОРТАЛ за транспарентно управување, со максимално учество на граѓаните во креирањето на буџетите и програмата на ЛС во секоја фаза. Со ова ќе се обезбеди Општина Чиар да прерасне во вистинска граѓанска Општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2026 година

## УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ СО ПРАВО НА МИСЛЕЊЕ!

Ќе се креира Совет на Урбани и Месни заедници, кој ќе биде составен од претседатели на истите, кои со симболичен месечен надоместок ќе ја извршуваат својата функција, а секаде каде што има недостаток ќе се обезбедат простории за функционирање.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## УРБАНА ИНФРАСТУКТУРА, ЗА ПОКВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ!

- Развојот на урбаната инфраструктура претставува основа за напредок на секоја Општина и е клучен фактор за обезбедување квалитетни услуги за граѓаните – од транспорт и регионална поврзаност, до современи решенија што овозможуваат подобар урбан живот и социјален развој. Со внимателно планирање и усогласување на Генералниот и Деталните урбанистички планови, ќе создадеме услови жителите да живеат во поздрава и поуредена средина, додека Општината се развива во стратешки насока.

- Нашата цел е преку инвестиции во инфраструктурата да обезбедиме повисок животен стандард за граѓаните и усогласување со современите стандарди за модерна урбана средина. Дополнително, ќе гарантираме безбедност и сигурност во секојдневието, со поставување на неопходна опрема како потпорни ѕидови, заштитни огради и функционални скали.

### УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Чаир има обврска да ги уреди улиците во општината, за граѓаните да имаат непречен пристап до нивните домови.

Ќе ги асфалтираме улиците: 210, Ќемал Ататурк, Ќемал Сејфула, Исмаил Ќемаили, Методија Митевски и сите останати улици што се со проблеми и имаат дотрајан асфалт.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, во соработка со централната власт

**Рок на реализација:** 2027 година

### ИЗГРАДБА НА ДОСТОИНСТВЕНО МЕСТО ЗА ПРЕСТОЈ НА УЛИЧНИ ЖИВОТНИ

Во соработка со Здруженијата за заштита на животните, ќе извршиме унапредување на условите ќе создадеме достоинствени услови за заловување, третман и чување на уличните животни.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

Пожарникарите, како чувари на имотот на граѓаните и државата, имаат право да работат во современи и достоинствени услови. Затоа предвидуваме реконструкција на објектот каде секојдневно престојуваат вработените во противпожарната единица.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2027 година

## Одржлив урбан развој

### ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА СИТЕ ДЕЦА

Нашата цел е секое дете во Чаир да има среќно и исполнето детство, без разлика на неговата социјална, финансиска или здравствена состојба. Локалната самоуправа ќе обезбеди **инклузивни игралишта** каде сите деца ќе можат рамноправно да се играат, учат и растат. Со ова ќе се поттикне нивниот психофизички развој и ќе се создадат

еднакви можности за генерациите што доаѓаат.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2027 година

## НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА

Нашите ученици располагаат со потенцијал, кој сме должни како општество да го наградуваме и мотивираме да расте. Се обврзуваме да ги наградиме сите оние ученици кои ги закитиле училишните сталажи со награди и да им обезбедиме понатамошен развој на нивниот талент.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ЗДРАВ ОБРОК ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ

Воведување и субвенционирање на здрава исхрана за учениците од прво до деветто одделение со ангажирање на експертиза од нутриционист, со цел да се создадат добри навики кај децата и да се заштити нивното здравје.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2026 година

## УНИФОРМИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Со цел да се намалат разликите меѓу децата и фокусот да биде насочен кон воспитно-образовниот процес, општината ќе обезбеди униформи за сите ученици од основното образование во Општина Чаир.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, бизнис-сектор

**Рок на реализација:** 2027 година

### ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

## НАБАВКА НА НОВИ КОМПЈУТЕРИ/ЛАПТОПИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставниците не заслужуваат да ја користат својата лична техничка опрема за службени цел. Ние како локална самоуправа сме должни да им обезбедиме пристојни услови на оние што го посветуваат целиот живот на едукација на нашата младина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## НАБАВКА НА ПРОЕКТОРИ ЗА СЕКОЈА УЧИЛНИЦА

Во 21 век кога технологијата бележи нагорна линија на напредок, доколку сакаме учениците да бидат подготвени за модерните текови на пазарот на трудот, должни

сме да им создадеме современи услови за следење на наставата, преку набавка на проектори.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛНИЦИ СО СМАРТ ТАБЛИ

Ако во западните земји-смарт таблите се неизоставен дел од наставниот процес, кај нас учениците заслужуваат барем по неколку вакви табли во секое училиште, преку кои ќе ги согледаат позитивните придобивки на технологијата во текот на учењето.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2028 година

## МЛАДИТЕ СЕ НАШАТА ИДНИНА

Развојот на младинските политики на локално ниво бара јасна стратегија и заеднички пристап. Нашата цел е да изградиме средини во кои младите ќе имаат поддршка за својот раст и развој – од училиштата и младинските центри, преку организациите и заедницата, па сѐ до семејствата и бизнис-секторот.

Проектите ќе се темелат на докажани форми на младинско учество, но ќе се надградат со долгорочни системски решенија кои ќе ги поттикнуваат талентите, вештините и креативноста кај младите.

Веруваме дека младите имаат сила да излезат „надвор од рамките“ и да понудат иновативни идеи. Затоа ќе им дадеме вистинска можност да учествуваат во креирањето на локалните политики и програми – чекорејќи заедно со нив кон подобра иднина.

## АНГАЖИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ВОЛОНТЕРСКИ АКТИВНОСТИ СО ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО ТЕКОТ НА ЛЕТНИОТ ПЕРИОД

Поучени од искуствата на европските градови, со цел да ги направиме младите одговорни кон заедницата, а во исто време да го зголемиме нивото на продуктивност, ќе создадеме систем за летен ангажман на младите, за помош при извршување на едноставни активности од значење за граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, бизнис-сектор

**Рок на реализација:** 2027 година

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГЛАСОТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ПОЗИЦИИТЕ НА СОВЕТ НА МЛАДИ

Совет на млади е клучно тело за креирање младински политики на територијата на една општина. Ставјаќи го на пиедесталот при унапредување на позициите на младите во Општина Чаир, ќе овозможиме да се слушне гласот на секој млад човек и истиот да се инкорпорира во локалните програми и политики.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ➤ ОФОРМУВАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ВО ЧАИР

Младите ќе бидат информирани за образовните програми и можностите за доедукација, како и вработување на младите во атрактивни за нив професии. Младинскиот центар е клучен за развој, едукација и вработување на младите. Центарот ќе биде на фрекфентна локација и истиот ќе дава услуги за сите млади кои се заинтересирани позитивно да влијаат на својата иднина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2027 година

## ➤ ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛИ ЗА МЛАДИ

Ќе обезбедиме просторни и логистични услови за развој на младинската забавна сцена и ќе дадеме нов шмек на младинското урбано живеење.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, бизнис-сектор

**Рок на реализација:** 2027 година

## ➤ ПОДДРШКА НА ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА

Недостатокот на детски фестивал, во продукција на општината создава ГАП во развојот на децата. Ќе продуцираме детска содржина од забавен карактер, на која учество можат да земат децата од нашата општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, бизнис-сектор

**Рок на реализација:** 2027 година

## ➤ ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Политиките за заштита од климатски промени и грижа за животната средина се суштински за правилно функционирање на едно општество, бидејќи директно влијаат врз здравјето и квалитетот на живот на граѓаните.

Нашата околина е основа на нашата благосостојба, па затоа потребно е да примениме одговорен и системски пристап во заштитата и одржувањето на природата.

Чиста, уредна и безбедна средина претставува предуслов за развој на општината. Токму затоа, нашата визија е преку интегрирани решенија да го заштитиме здравјето на луѓето и да обезбедиме одржливи услови за живот за сегашните и идните генерации.

## БЕСПЛАТНО ОДЛАГАЊЕ НА ГРАДЕЖЕН ОТПАД ОД СТРАНА НА ЈП СО ЦЕЛ НАМАЛУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

ЈП ќе создаде услови бесплатно да врши услуги на граѓаните при исфрлање на градежен шут од мал обем, при што ќе помогне да се намали бројот на диви депонии во Чаир, а ќе се јакне соработката и довербата меѓу претпријатието и граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ЕДУКАЦИЈА ЗА ДЕЦАТА ОД ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

За правилно управување и селекција на отпадот, се предвидува едукација на децата од детските градинки и учениците од основните училишта. Тоа е еден од начините како нашата општина да ја направиме чиста и безбедна за нас и за идните генерации.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ПРОМЕНА НА ЗАСТАРЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА

Постојаните дефекти на водоводната мрежа и континуираниот недостаток на вода во домаќинствата, нè обврзува како локална самоуправа да дадеме приоритет на ова прашање и етапно да го решаваме во сите населби на територија на општина Чаир.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, во соработка со централната власт и Град Скопје

**Рок на реализација:** 2027 година

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

Ќе ги реконструираме дотраените канализациони линии на повеќе улици низ општината каде што е потребно.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, во соработка со централната власт и Град Скопје

**Рок на реализација:** 2029 година

## НАВРЕМЕНА И АЖУРНА ПРОМЕНА НА УЛИЧНИ СВЕТИЛКИ И НОВ УЛИЧЕН СИСТЕМ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ

Граѓаните ќе добијат функционален систем за ефикасно улично осветлување на секоја улица во нашиот град.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА УРБАНА ОПРЕМА

На фреквентни локации ќе се постави енергетски ефикасна урбана опрема со соларни панели, за полнење на електрични велосипеди и тротинети, мобилни телефони, таблети и лаптопи.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2028 година

## КУЛТУРАТА КАКО ПРОЗОРЕЦ ЗА НОВИ ВИДИЦИ

Културата во нашата општина има фундаментална димензија, која како локална власт нè обврзува да управуваме со неа, со цел заштита на културните добра и креирање на јавни политики насочени кон сите генерации. Исто така, ни дава одлична можност да ја искористиме предноста на карактеристичните капацитети со кои располагаме и истите да ги насочиме кон економски, социјален и културен напредок на општината. Во нашата програма во различни области од истата, предвидуваме низа активности, проекти и мерки кои се насочени кон искористување на културното наследство во општината, како бенефит и насочување на неговиот потенцијал кон подобрување на благосостојбата на жителите.

## АДАПТИРАЊЕ НА ПРОСТОР ВО ЦЕНТРАЛНИОТ ПАРК

Сите граѓани на Чаир заслужуваат културна, забавна и социјална интеракција, која ќе ја овозможиме преку дисперзирање на настаните. Во паркот во Чаир ќе уредиме простор, каде што секој граѓанин ќе може да проследи содржини кои се во неговата сфера на интерес.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ СО ИСТОРИСКИ ФАКТИ НА СЕКОЈ ПОЗНАЧАЕН ОБЈЕКТ ИЛИ ЛОКАЛИТЕТ ВО ОПШТИНАТА

За да го развиваме туризмот, а и интересот на нашите граѓани за важноста на историските локалитети, потребно е историските и значајни локации во нашата општина да бидат обележани со табли, на кои ќе има информации за нивното значење.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## СПОРТОТ ДИКТИРА НОВ НАЧИН НА ЖИВОТ ВО ЧАИР

Чаир е спортска општина, која дала и сè уште дава многу поединци и спортски клубови, кои што го афирмираат Чаир, како на домашно така и на меѓународно ниво. Спортот ќе го подржуваме од градинките и  основните училишта, односно нашата цел е да ги поттикнеме граѓаните да спортуваат во текот на целиот живот. Ќе созда-

деме спорт со посебен акцент и поддршка на сите видови спортови: поединечен и колективен спорт, рекреативен и масовен спорт - преку создавање услови односно изградба на патеки за пешачење, трчање, велосипедизам, ролери, отворени фитнес зони, скејт парк, планинарскиот спорт, ќе создадеме услови за патеки за пешачење, зимски пешачки патеки, трчање, велосипеди, но со голем интерес кон репрезентативниот, односно врвен и професионален спорт.

Нашата програма предвидува активна заложба кон организација на турнири во сите спортски категории, развојни политики за психо-физички развој на децата и младите, како и унапредување на спортските инфраструктурни содржини во нашата општина.



# ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

## ИЗГРАДБА НА ПАТЕКА ЗА ТРЧАЊЕ ВО ПАРК ЧАИР

Изградба на патека за трчање по светски стандарди во паркот во Чаир

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2027 година

## ОПРЕМУВАЊЕ НА САЛИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Индивидуалните спортови заслужуваат посериозен пристап, доколку успешните спортисти сакаме да ги наградиме, а младите таленти да ги мотивираме. Затоа, во склоп на основните училишта ќе овзможиме со реконструкција и нова опрема да се адаптираат салите за боречки спортови, карате, бокс, кикбокс, џиу-џицу, џудо, корективна гимнастика и теретана, каде сите овие спортисти ќе добијат место за развој на нивните вештини и соодветни услови за спорт и рекреација.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** 2029 година

## ИГРАЛИШТЕ ЗА ОДБОЈКА НА ПЕСОК

Ќе овозможиме популаризација на овој летен спорт и ќе им обезбедиме место на младите каде ќе можат да спортуваат и да организираат турнири.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир  во соработка со Град Скопје

**Рок на реализација:** 2027 година

## ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК

Ќе се изгради скејт парк во делот на стар Чаир и Топанско Поле

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2027 година

## ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗГРАДЕНАТА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Во соработка со јавните претпријатија, ќе формираме работни групи, чија единствена задача ќе биде одржување на постоечките спортски содржини на територијата на нашата општина.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ФОНД ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

Спортските клубови ќе добијат повисок фонд од општината, при што ќе имаат можност да аплицираат во Општина Чаир, за основно функционирање на веќе постоечките спортски клубови и навремена, редовна и неслективна исплата на годишните котизации.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН

Во ООУ „7. Марси" ќе се реализира изградба на затворен базен, кој ќе биде од големо значење за учениците и локалната заедница, и ќе го поттикне спортскиот дух кај младите.

## ПОДДРШКА И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПЛИВАЧКИ ШКОЛИ

За социјално ранливите категории на деца, ќе обезбедиме услови за непречена посета на пливачките школи и искористување на капацитетите на базенот кој е во изградба.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## Реализирање на спортски активности и настани каде што ќе бидат вклучени сите граѓани

Ќе работиме на намалување на позитивната дискриминација и инклузивност на сите категории на граѓани во интерес на заедничко социјално делување на локално ниво.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општество во кое вреди да се живее се гради врз темелите на силна социјална и здравствена политика, која обезбедува еднакви можности, солидарност и активно учество на граѓаните. Долгорочните вложувања во овие области придонесуваат за одржлив развој и економски раст.

Образованието, здравството и системите за социјална заштита се клучни за тоа луѓето да можат да ги развиваат своите потенцијали и да водат самостоен живот.

Водени од овие принципи, ќе создадеме еднакви услови за секој жител на Општина Чаир, обезбедувајќи пристап до услуги и можности што ги гарантираат основните човекови права.

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕРЕТАНИ ЗА МЛАДИ СО ЗГОЛЕМЕНА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА

Ќе обезбедиме средства за поздрав живот на младите со зголемена тежина и ќе ја зајакнеме самодовербата и здравствената состојба на сите млади кои имаат потреба од тоа.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

### СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА НАБАВКА НА ВЕЛОСИПЕДИ

Граѓаните ќе имаат можност да набават велосипеди, со помош и поддршка од страна на Општина Чаир, со цел да се намали загадувањето во централното градско подрачје, да се поддржи здравиот и спортски начин на живеење и позитивно да се влијае врз економската состојба на граѓаните.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ КАЈ ЛИЦА И ИНСТИТУЦИИ КОИ ЌЕ СЕ ГРИЖАТ ЗА СОСТОЈБАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЖИВОТ КАЈ СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

Во соработка со Црвен крст, ќе обучиме лица за грижа на најстарите наши сограѓани и на тој начин ќе им обезбедиме достоинствена старост и полесен живот.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, Црвен крст

**Рок на реализација:** континуирано

## ОТВАРАЊЕ НА КЛУБОВИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Потребите на лицата во последната доба од животот ќе ги задоволиме преку отворање на клуб на пензионери во населбите што покажале интерес и потреба од истото.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, Здружение на пензионери

**Рок на реализација:** 2027 година

## ФОРМИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛЕН ПУНКТ ЗА ВРЕМЕНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ КОЈ ЌЕ ПОНУДИ ХРАНА, СМЕСТУВАЊЕ, ОБЛЕКА И СЛ.

Наместо оваа дејност да ја вршат неформални организации и волонтерски иницијативи, како Локална самоуправа ќе овозможиме создавање на социјален пункт, каде што лицата во социјален ризик ќе можат да се обратат во кое било време и да ја добијат потребната помош и поддршка.

**Начин на финансирање:** Буџет на Општина Чаир, Црвен крст

**Рок на реализација:** 2027 година



# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## PART TIME ПРАКТИКА

На средношколците ќе им биде овозможена неколкучасовна работа неделно во локалните компании и институции, при што ќе имаат одреден паричен надоместок за тој ангажман. Така компаниите ќе добијат потенцијален кадар, а учениците ќе бидат продуктивни и ќе научат нови вештини.

**Начин на финансирање:** Бизнис-сектор

**Рок на реализација:** континуирано

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ

Проектите во Општина Чаир ќе се реализираат во соработка со Здруженијата на граѓани и заеднички ќе влијаат позитивно на социјалниот и економски развој на сите категории на граѓани.

**Начин на финанасирање:** Буџет на Општина Чаир

**Рок на реализација:** континуирано

## РЕКОНСТРУКЦИЈА, КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ФАСАДИ ВО ЦЕНТРАЛНО ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНАТА

Во соработка со сопствениците на објектите, ќе извршиме обновување и реконструкција на фасадите, така нашиата Општина ќе добие помодерен изглед и објекти со енергетски ефикасни фасади.

**Начин на финансирање:** Меѓународни фондови

**Рок на реализација:** 2028 година

ВМРО-ДПМНЕ